# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# НА ЈП КАЛИН КАМЕН - КРИВА ПАЛАНКА

# ЗА 2023 ГОДИНА

Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ - Крива Паланка е основано заради вршење дејност од јавен интерес. Основано е од страна на Советот на Општина Крива Паланка и истото постои од 2009 година.

Претпријатието како приоритетна дејност под кое е регистрирано е “Изградба на патишта и автопати” но во својот делокруг на работа ги извршува и следниве дејности:

1. Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
2. Трговија на гас преку дистрибутивните системи
3. Снабдување со пареа и климатизација
4. Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
5. Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
6. Складирање на стока
7. Електоинсталатерски работи
8. Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

Сите горенаведени дејности се усогласени со националната класификација на дејности и се запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Иако претпријатието е формирано во 2009 година, со конкретна активност во оперативното работење започнува од октомври годинава со статутарните измени и заложбата на Општина Крива Паланка да обезбеди стабилна и по поволни услови електрична енергија за граѓаните на општината.

Претпријатието засега нема формирано функционални секторски единици и одделенија и засега со претпријатието раководи ВД директор кој ќе работи во тесна координација и соработка со Општина Крива Паланка, поконкретно, Одделението за комунални дејности и патна инфраструктура и нивната програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година.

Со одлука на Совет на Општина Крива Паланка а потоа и со договор помеѓу Општина Крива Паланка и ЈП Калин Камен – Крива Паланка, на претпријатието му е отстапено правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка.

Во месец Октомври 2022 претпријатието склучи договор со универзалниот снабдувач за електрична енергија ЕВН Хоме со кој броилата од категорија LV1.1 за електрична енергија од јавното осветлување се префрлија на ЈП Калин Камен Крива Паланка.

Правото на користење на мрежата на јавното осветлување опфаќа располагање со мрежата на јавното осветлување, грижа за неговата уреденост и набавка на електрична енергија за јавното осветлување поставено во сите урбани и месни заедници на територијата на Општина Крива Паланка и нисконапонска надземна и подземна мрежа. Електричната енергија ќе се набавува за потребите на Општина Крива Паланка и за истото претпријатието ќе испорачува фактура кон општината и ќе бара средства за исплата на истата.

Претпријатието во 2023 година ќе се финансира преку субвенционирање од страна на Општина Крива Паланка и тоа за основните трошоци, додека останатите трошоци како сметководство, копирање на документи, технички материјал и слично ќе бидат поддржани од буџетот на Општина Крива Паланка и општинската администрација.

Планираните приходи за оперативно работење на ЈП Калин Камен – Крива Паланка за 2023 година се:

| | **Приходи** | **Сума** |
|---|---|---|
| | Субвенција од Општина Крива Паланка | 691.860,00 |
| | | |
| | **Вкупно** | **691.860,00** |

*Со зборови: Шестотини деведесет и една илјада осумстотини и шеесет денари*

Планираните расходи за оперативно работење на ЈП Калин Камен – Крива Паланка за до крајот на 2022 година се:

| | Расходи | Сума |
|---|---|---|
| | Бруто плата | 631.860,00 |
| | Останати трошоци | 60.000,00 |
| | | |
| | **Вкупно** | **691.860,00** |

*Со зборови: Шестотини деведесет и една илјада осумстотини и шеесет денари*

Освен горе наведените приходи и расходи претпријатието ќе добива средства од општина Крива Паланка и на име на субвенционирање за потрошената електрична енергија за јавното осветлување. Со оглед на тоа дека трошокот за електрична енергија е варијабилен не може да се утрди точниот износ туку ќе се поднесува барање секој месец за онолкав износ колку што изнесува фактурата доставена од страна на ЕВН Хоме.

**ЈП Калин Камен –Крива Паланка**

**В.Д Директор,**
**Јорданчо Миневски дипл. економист**